**2026058974**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 март 2026 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.27/26), во членот 2 став (2) подмерката 1.1. се менува и гласи:

„

| Број на подмерка | Име на подмерката | Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања |
|---|---|---|
| 1.1. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за поледелски култури | - Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои во производната 2025/2026 година имаат засеани и ожнеани површини со следните култури: пченица, јачмен, пченка, ориз, рж, овес, тритикале, просо, сончоглед, маслодајна репка за човечка исхрана, добиточна репка, афион, анасон, фацелија, граор, еспарзета, добиточен грашок и наут (слануток), за засеана или одржувана површина со луцерка, едногодишни засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија и повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија;<br>- Корисници на оваа подмерка се и земјоделски стопанства кои во 2026 година имаат засадени површини под тутун и оствареното производство го имаат договорено и предадено на регистрирани откупувачи на тутун запишани во Регистарот на откупувачи на тутун;<br>- Корисници на оваа подмерка се и земјоделски стопанства кои се запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија;<br>- Минимум засеана површина збирно за сите култури е 0,7 ха во производната 2025/2026 година, со исклучок на тутун каде што минимум засеана површина е 0,2 ха; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Висината на директни плаќања за јачмен, пченка, рж, овес, тритикале, просо, добиточна репка, анасон, фацелија, граор, еспарзета, добиточен грашок, наут (слануток), афион луцерка, едногодишни засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија и повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија од алинејата 1 од оваа подмерка и за тутун од алинејата 2 од оваа подмерка без употреба на сертифициран семенски материјал изнесува 6.000 денари по хектар, освен за оризот каде што висината на поддршката изнесува 18.000 денари по хектар со исклучок на сортата чистач (clear fields) која не е опфатена со оваа подмерка;<br>- Висината на директните плаќања за пченица со употреба на сертифициран семенски материјал согласно минимално употребената количина на семе по хектар изнесува 18.000 денари по хектар, а за јачмен, пченка и добиточен грашок 13.000 денари по хектар;<br>- Висината на директните плаќања за сончоглед и маслодајна репка, со употреба на сертифициран семенски материјал согласно минимално употребената количина на семе по хектар изнесува 10.500 денари по хектар;<br>- Корисниците од алинејата 1 од оваа подмерка кои имаат засеани и ожнеани површини со пченица, јачмен, пченка, сончоглед, маслодајна репка и афион треба оствареното производство од минимум 30% од утврденото минимално производство од алинеја 9 од оваа подмерка во период од 1 јуни до 15 октомври 2026 година да го имаат предадено или складирано кај регистрирани откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи, вклучително и количините произведени за потребите на сопствениот преработувачки капацитет кој е запишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи и/или производството го продале во период од 1 јуни до 15 октомври 2026 година на регистрирани одгледувачи на добиток, како и да го употребиле за сопствени потреби за исхрана на добиток регистриран со регистарски број на одгледувалиште во Регистарот на одгледувачи на животни во Агенцијата за храна и ветеринарство. Прифатлив број на животни на површина од 0,7 хектари: едно говедо или еден копитар, односно 10 овци или кози, односно 4 свињи, односно 100 кокошки, мисирки, гуски, патки или бисерки;<br>- Висината на директните плаќања е условена со минимално оствареното производство на одделни поледелски култури по хектар за пченица, јачмен, пченка, сончоглед, маслодајна репка и афион и изнесува: 3.000 кг/ха за пченица и јачмен, 5.000 кг/ха за пченка, 1.500 кг/ха за сончоглед , 2.000 кг/ха за маслодајна репка и 300 кг/ха за афион, со исклучок во случај кога има спроведено постапка за природна непогода согласно Законот за заштита и спасување; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Листата на едногодишни засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија кои се предмет на директни плаќања согласно алинејата 1 од оваа подмерка е дадена во Прилог 1, кој е составен дел на оваа уредба;<br>- Листата на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија кои се предмет на директни плаќања за алинеја 1 од оваа подмерка е дадена во Прилог 2, кој е составен дел на оваа уредба;<br>- Табелата за минимално употребената количина на семе по хектар е дадена во Прилог 3, кој е составен дел на оваа уредба, и<br>- Висината на поддршката од алинејата 5, 6 и 7 од оваа подмерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,7 ха до 50 ха 100%, од 50 ха до 100 ха 60% и над 100 ха 30% збирно за сите култури, со исклучок на тутунот. |

“.

Во подмерката 1.2. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“, алинејата 9 се менува и гласи:

„Висината на поддршката од алинеите 3, 4, 5, 6 и 7 од оваа подмерка е условена со предадено минимум 30% од минимално утврдената количина согласно Прилог 7, кој е составен дел од оваа уредба во период од 1 мај до 1 декември 2026 година, кај откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи, со исклучок во случај кога има спроведено постапка за природна непогода согласно Законот за заштита и спасување, како и во случај кога земјоделските стопанства имаат подигнато лозови и овошни насади во периодот од 1 октомври 2022 година до 31 мај 2026 година и истите се евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства;”.

Во подмерката 1.4. во колоната „Поблиски критериуми и висина на директни плаќања“ во алинјеата 2 зборовите „дополнителните директни“ се заменуваат со зборот „директните“.

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„- Минимум засадена површина збирно за сите култури е 0,3 ха;“.

Во ставот (4) во табелата во подмерката 3.1. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“, алинејата 1 се менува и гласи:

„Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства, кои своето производство на тутун од реколта 2025 година го договориле и продале во регистрирано откупно претпријатие согласно Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) и“.

Во подмерката 3.2. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ во алинејата 4 зборовите „цреша, слива,“ се бришат.

Во алинејата 5 зборовите „цреша, слива,“ се бришат.

Во ставот (5) во табелата во подмерката 4.1. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ во алинејата 3 зборовите „0,5 ха“ се заменуваат со зборовите „0,2 ха“.

Член 2

Во членот 4 во точката 1 зборовите „подмерката 2.2.“ се заменуваат со зборовите „подмерките 2.1. и 2.2.“.

Член 3

Прилогот 6 се заменува со нов Прилог 6, кој е составен дел на оваа уредба.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-1911/10
17 март 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**Прилог 6**

Максимални приноси на одделни овошни култури по хектар

| Овошен вид | тони на хектар |
|---|---|
| праска | 35 |
| вишна | 15 |
| боровинка | 15 |
| малина | 10 |
| капина | 25 |
| аронија | 10 |
| гоџи бери | 10 |
| кајсија | 35 |
| јагода | 25 |
| калинка | 25 |
| лешник и бадем | 3 |